Дневник
on-line издание
22.08.2007

# БИЗНИСМЕНИТЕ ОД ДИЈАСПОРАТА ЗАДОВОЛНИ

## Мајк Зафировски ни ја пофали бизнис-климата



Бизнис-климата во Македонија се' повеќе се подобрува, постигнат е одличен напредок во изминатата година, но треба уште да се работи за да се привлечат инвестиции, оцени Мајк Зафировски, американски бизнисмен со македонско потекло и прв човек на гигантот „Нортел", по вчерашната средба со премиерот Никола Груевски. Зафировски, придружуван од влијателни бизнисмени со македонско потекло што работат во САД и во Канада, заедно со премиерот Груевски, ги разгледуваа можностите за соработка за економски развој на Македонија. Тоа е главната цел на проектот „Македонија 2025", како долгорочна стратегија за економски развој на македонската држава.

- Треба да се работи на реформи во судството, да се вложува во образованието и во обука на работната сила, да се подобри конкуренцијата во телекомуникациските услуги... Фокусот на Владата во привлекување странски инвестиции треба да биде во автомобилската индустрија, информатичката технологија, производството на храна и во туризмот - порача Зафировски.

Груевски рече дека Владата е сконцентрирана токму во областите на кои укажуваат бизнисмените.

- Разгледавме различни можности за соработка за со заеднички сили во иднина да се туркаат проекти што ќе и' помогнат на Македонија. Разговаравме и за можноста да се помогне со препораки кај многу инвеститори, за да ја посетат Македонија, а ние да ги дочекаме и да им ги кажеме бизнис-можностите - објасни Груевски.

Тој и Зафировски претходно ја посетија економската зона „Бунарџик", каде што го запозна со активностите за почетокот на инвестицијата на американски „Џонсон контролс".

Според Зафировски, Македонија има одличен почеток. Тој го поздрави намалувањето на даноците и на бирократските процедури и нагласи дека еднаш засекогаш треба да се искорени мешањето на политиката во бизнисот.

- Планината е голема. Сега сме на Водно, но крстот е високо - симболично се изрази Зафировски.

Љупчо Наумовски, заменик-претседател и генерален менаџер за Русија на „Кинрос голд корп", оцени дека Македонија ќе привлече инвестиции само со добри примери за инвестирање во неа. - Ако познати бизнисмени имаат успех во Македонија и други ќе сакаат да дојдат - рече Наумовски.

Бизнисмените од „Македонија 2025" во изминатите четири дена разгледале девет бизнис-планови на македонски претпримачи и ги оцениле како успешни. Веќе понудиле совети за развој на плановите, а ќе дадат и симболична награда од по 1.000 евра за почеток на проектите.